**Република Северна Македонија**
**Министерство за транспорт и врски**
**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 01-820/1
01.12. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМЗА2023 година

Дел. Бр. Фатмир Арифи

Датум: в.д. Директор

М.П.

Место:

# Содржина


Извршно резиме....2
Вовед....3
ЦЕЛ....5
ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ....5
ОСВРТ КОН ПРОЦЕНКАТА НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА....6
ВИЗИЈА И МИСИЈА НАГОДИШНИОТ ПЛАН....6
ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН....7
НАДЛЕЖНОСТИ....8
ВРЕДНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА....10
АНАЛИЗА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ....11
8.1 Анализа на ризични области за корупција во делокругот на работењето на ДИГУ....13
АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА....14
ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ КОИ ЈА ОВОЗМОЖУВААТ КОРУПЦИЈАТА....16
АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ ОБЛАСТИ....20
ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДИГУ....21
НАВРЕМЕНО ПОСТАПУВАЊЕ....22
ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ....23
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТА КОРУПЦИЈА 25
КОНТРОЛА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ....26
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА....28
ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ....29
ЗАВРШЕН ДЕЛ....30

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019 и *110/2019)а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупцијата и Заклучокот од Нацрт записникот од педесет и петатта седница на Владата на Република Северна Македонија точка 45, одржана на 28 јуни 2022 година, в.д Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам донесе*

## Извршно резиме

Носител на процесот на подготовка на „Годишниот план за спречување на корупцијата во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам 2023 година“ (во натамошниот текст Годишен план) е Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

За таа цел, врз основа на претходно спроведена анализа на ризиците од корупција,Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам примени широк, инклузивен и транспарентен процес на анализа од искуството во изминатите години со претставници од јавниот и приватниот сектор, медиумите, граѓанските здруженија, експерти и претставници од областа на градежништвото и урбанизмот.

Самата Годишна програма е изготвена согласно визијата за општество засновано на највисоки етички вредности и интегритет што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите права и слободи.Со реализацијата на целите и мерките од стратегијата треба да се обезбеди подигнување на довербата во институциите на системот, ефикасно користење на јавните ресурси и јакнење на демократијата, општествените вредности и остварување на човековите права.

ВоГодишна програма се дијагностицирани и селектирани приоритетните проблеми кои генерираат висок ризик од корупција и се идентификувани мерки за нивно надминување.

## Вовед

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, но во последно време распространета и во областа на градежништвото и урбанизмот. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права поради ерозија на општествените вредности. Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси директно или преку посредник, за себе или за друг", а „под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности" под корупција се подразбира: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист.

Корупцијата претставува најголема закана за владеењето на правото, демократијата и човековите права, чесноста и социјалната правда. Таа е инхерентна и неизбежна појава во сите општества низ целата човекова историја, а нејзини најчести форми се: злоупотреба на службена должност, поткуп, тргување со влијание, користење на службени добра за лични потреби, судир на интереси, изнуда, непотизам, кронизам, само-договарање (доделување на договор на сопствена или роднинска фирма и др. Со своето негативно влијание допира во сите пори на општествениот живот, последиците од неа особено се одразуваат врз економскиот развој на земјата. Корупцијата во секое општество врши ерозија на институционалните капацитети на Владата, го поткопува легитимитетот на државните институции, со што се намалуваат демократските вредности – довербата и толеранцијата.

Поради сето ова од огромно значење и важност во борбата против корупцијата е и реализацијата на оперативниот документ „Акција 21" – План за борба против корупцијата донесен од Владата на РСМ. Во насока на реализација на овој документ е задолжувањетона Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам заедно со сите други органи на државната управа, акционерските друштва, јавните претпријатија и останатите институции, за изготвување на годишни планови за спречување на корупцијата.Истовремено во задолжението се дадени и насоки за програмските активности кои треба да се опфатат со изготвување на Планот.

За да можат институциите ефективно да се справуваат со корупцијата, потребно е да се направи детална анализа за различните области за појава на корупцијата и потребное да се идентификуваат причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата во делокругот на работењето на таа институција. Проценката на ризик – вклучува утврдување и нивно дефинирање како и евалуација на влијанието и последователните дејствија. Управување со ризик –

опфаќа активности кои се вклучени во планирањето, мониторингот и контролирањето на активностите, со што ќе се утврдат проблемите и слабостите и ќе ја зголемат веројатноста институцијата да ги постигне своите цели. Проценката на ризикот од корупција и управувањето се меѓусебно поврзани и се спроведуваат постојано.

Интегритетот е прашање од суштествено значење која има влијание врз легитимитетот и капацитетот за ефикасно исполнување на основната мисија и визија на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, поради што успешноста на неселективната борба со овој вид на криминал и справување со корупцијата е приоритет за нашата институција.

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми во корист на јавниот интерес.

Изработка на Годишниот план за спречување на корупцијата е обемна, комплексна и одговорна работа. Тој претставува моќна превентивна алатка во борба против корупцијата и треба да ја измени перцепцијата за борба против корупцијата. потребно е зголемување на светста на принципите и бенифитите од спроведувањето на планот за спречување на корупцијата. Вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам треба да ги разберат специфичните цели и очекуваните резултати од спроведувањето на Планот, а како општа цел за 2023 година се поставува „НУЛТА" корупција во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Во таа смисла, подготовката на Годишниот план вклучи подготвителни чекори со изработка на Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори од обласа на градежништвото и урбанизмот.

Овој Годишен план е дизајниран да се дејствува првенствено превентивно што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори. Годишниот план е заснован на реални процеси и цели кои треба да резултираат со континуирано намалување на корупцијата, а нејзината имплементација ќе испрати силна порака до македонското општество дека борбата против корупцијата конечно се остварува.

## ЦЕЛ

Цел на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам е креирање на политики.
Во документот насловен Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акциониот план за нејзино спроведување дијагностицирани се селективни приоритетни проблеми кои генерираат висок ризик од корупција и се идентификувани мерки за нејзино надминување.
Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам својата борба против корупцијата ќе ја реализира преку превентивни мерки со јасна порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана.

## ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на службените лица и доследно почитување на законската регулатива како и санкционирање на сите форми и облици на коруптивно однесување.

Во контекст на ова приоритет во 2023 година ќе биде:

1. Јакнење на интегритетот на вработените во институцијата;
2. Почитување на кодексот на административните службеници, кодекс на етичко однесување;
3. Спроведување на процедура на анализа за ризикот на дел од работните места,
4. Воведување на нови и примена на работни процедури;
5. Воведување на организациски облик или назначување на лице за внатрешна контрола во работењето;
6. Внатрешно пријавување преку овластени лица укажувачи;
7. Имплементирање на Законот за градење и Законот за урбанистичко планирање
8. Воведување на телефонска линија за пријавување на корупцијата во институцијата со цел јакнење на довербата на граѓаните;
9. јакнење на принципите за отчетност и транспарентност и
10. Меѓусебна соработка со институциите во заедничката борба за откривање на незаконски дејствија.

## ОСВРТ КОН ПРОЦЕНКАТА НА РИЗИЦИТЕ ОД КОРУПЦИЈА

Проценката на ризиците од корупција беше првиот чекор од процесот на подготовка на Годишниот план, кој беше изготвен во согласност со Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори од областа на градежништвото и урбанизмотбр.01-578/1 од 05.10.2020 година. При проценката е користено макро гледиште, односно направена е проценка на факторите на ризици на системот како целина. Во фокусот на проценката е утврдување на ризиците од корупција кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, трошењето на јавни пари или злоупотреба на службени позиции во инспекторатот.
Проценката на ризици ги идентификува следните хоризонтални области каде се генерираат силни ризици од корупција:

- Континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле корупција;
- Јакнење на интегритетот на вработените;
- Зголемување на ефикасноста на административните процедури
- Почитување на законските прописи и Кодексот за административни службеници;
- Континуирано зголемување на јавната свест на граѓаните да пријават корупција;
- Континуирано следење на начинот на спроведување на јавните набавки, како и реализирањето на договорите за јавни набавки;
- Јакнење на позицијата на лицето кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и лицето за прием на пријави од укажувачи и
- Континуирано информирање на граѓаните за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

## ВИЗИЈА И МИСИЈА НАГОДИШНИОТ ПЛАН

Годишниот план поаѓа од следните долгорочни определби.

***Мисија***

*Како основна цел се поставуваат основните барања за градбата, зависно од намената, а предвидено со параметрите од планската документација со цел градбите да бидат изведени и проектирани со висок квалитет односно со механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита со рационално уредување*

*и користење на просторот за подобри услови во согласност со еколошките стандарди како и хумано живеење и работа на граѓаните.*

*Доследно спроведување и надзор над примената на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Закон за урбанистичко планирање и Законот за инспекциски надзор.*

*Од тука главната мисија на инспекторатот е да обезбеди еднакви можности на граѓаните на Република Северна Македонија во остварување и заштита насвоите права пред органите на државната управа, со почитување на принципите на владеење на правото и правната сигурност.*

***Визија***

*Нашата визија е да бидеме дел од еден ефикасен систем за остварување и заштита на правата на граѓаните пред органите на државната управа и преку неселективна примена на инструментите на инспекцискиот надзор да дадеме сериозен придонес во реализација на владината програма за создавање на сервисно ориентирана администрација која ќе биде во служба на граѓаните. Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како орган на државна управа надлежен за вршење на инспекциски надзор над спроведување на прописите од областа за која е надлежен (Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Закон за урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор), цели да стане високо квалитетна институција, која со својата работа ќе придонесе во засилување на инспекцискиот надзор преку засилени надзори и ефикасно спроведување на законите за кои е надлежен.*

## ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН

Спроведувањето на Годишниот план треба да придонесе да се намали нивото на корупција, да се подобри интегритетот, транспарентноста и отчетноста во сите инспекциски надзори од областа на градежништвото и урбанизмот, а со тоа да се придонесе јавноста да има повисока доверба во работата на законодавната, судската и извршната власт.

# НАДЛЕЖНОСТИ

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам како орган во состав на Министерство за транспорт и врски, согласно измените и дополнувања на Законот за инспекциски надзор се стекна со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува со правата и обврските од работен однос, што значи проширување на надлежноста и зголемување на одговорноста во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на РепубликаСеверна Македонија.

Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководи Директор кој го назначува Владата на Република Северна Македонија. Со работата на секторот во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, раководи раководител на сектор, а во негово отсуство го заменува помошникот раководител на сектор. Со одделенијата раководат раководителите на одделенијата, а во нивно отсуство ги заменува еден од стручните државни службеници со највисоко звање во одделението.

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши инспекциски надзор на територијата на Република Северна Македонија и тоа директна надлежност за објекти од прва категорија и контрола на овластени градежни инспектори во Единиците на локална самоуправа (кои се надлежни за објекти од втора категорија), кои инспекциски надзор се спроведува согласно:

- **Законот за градење**(„Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18,64/18, 168/18и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20 и 279/20);
- **Законот за просторно и урбанистичко планирање**(„Службен весник на Република Македонија" 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18, и 168/18);
- **Законот за урбанистичко планирање**(„Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20);
- **Законот за инспекциски надзор** („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.102/19);
- **Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност** („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 147/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 18/20);
- **Закон за општа управна постапка** („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15);
- **Закон за постапување по претставки и предлози** („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08, 13/13, 156/15и 193/15).

**Други закони согласно кои се утврдуваат надлежностите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам**

- **Закон за административни службеници** („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22);
- **Закон за вработените во јавниот сектор** („Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 143/19 и 14/20);
- **Закон за работни односи** („Службен Весник на Република Македонија" бр.167/15 и 27/16, 120/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 110/19, 267/20, и 151/21);
- **Закон за безбедност и здравје при работа** („Службен Весник на Република Македонија" бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13 , 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 30/20);
- **Закон за еднакви можности на жените и мажите** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 6/2012, 30/13, 166/14, 150/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 53/2021);
- **Закон за заштита од вознемирување на работно место** („Службен Весник на Република Македонија" бр.79/13, 147/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 103/21);
- **Закон за спречување и заштита од дискриминација** („Службен Весник на Република Македонија" бр.44/14, 150/15, 31/16 и 21/18);
- **Закон за пензиско и инвалидско осигурување** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.180/19, 275/19, 31/20 и 267/20);
- **Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 142/08, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18 и 247/18);
- **Закон за заштита на личните податоци** („Службен Весник на Република Македонија" бр.103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18);
- **Закон за мирно решавање на работните спорови** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 87/07, 27/14, 102/14 и 30/16);
- **Закон за буџетите** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21).
- **Закон за извршување на буџетот** (секоја година се менува за тековната);
- Упатство за начинот на трезорско работење („Службен Весник на Република Македонија" бр. 183/13);
- **Закон за пријавување и евиденција на обврски** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 64/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21);

- **Закон за сметководство на буџетите и буџетските корисници** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15, 170/17 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/21) и
- **Закон за јавна внатрешна финансиска контрола** („Службен Весник на Република Македонија" бр. 90/09, 188/13 и 192/15).

Целите се остварливи со примена на начелата во градежништвото за изградбата на градбите кои се од значење на Републиката, а во урбанистичко планирање преку интегрален начин во планирањето, грижа и развој на регионалните особености, остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес, јавност во постапката за изработка, донесување и спроведување на плановите, инклузивност и партиципативност во постапката, хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето, уважување на стручно утврдени факти и стандарди.

Работите на инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на истиот закон ги вршат градежни инспектори на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, кои се надлежни да вршат инспекциски надзор над градби од прва категорија. Градежниот инспектор при вршењето на инспекцискиот надзор проверува дали овластениот градежен инспектор при општината ги врши работите согласно со истиот закон.

Согласно Законот за урбанистичко планирање ДИГУ преку урбанистичките инспектори проверува дали постапките за изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови се спроведени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него.

Имајќи го предвид фактот дека корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото односно го оневозможува и/или го отежнува остварување на правото на граѓаните, Инспекторатот врз основа на претходно анализирање на ризичните области за можност за корупција во рамките на неговите надлежности, заради заштита како на граѓаните така и на државата од корупција, а со цел почитување на владеење на правото при своето работење насочена е кон реализирање пред се на принципите на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита и одговорност.

## ВРЕДНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

Законите и нивното ефектвно спроведување помагаат да се заштити јавниот интерес.Законите се одраз на државната политика.Сепак ефективноста и правичноста при нивното спроведување не само што служат во регулирањето на држаната политика во битните области, туку исто така градат доверба и сигурност кај граѓание за владеењето на правото и осигуруваат еднакви услови за натпревар меѓу правните субјекти.

Раководството и вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам при извшувањето на своите надлежности се водат од веќе воспоставените начела за инспекциски надзор и од Кодексот за админисративни службеници, со главна заложба за ефикасно и ефективно контролирање на почитувањето и спроведувањето на закнската реглатива која е во надлежност на Инспекторатот

Сето ова се темели на неколку широко прифатен вредности, вклучувајќи ги:

- Цврста, сигурна и квалитетна градба
- Партнерство;
- Учество на јавноста;
- Транспарентност;
- Непристрасност;
- Објективност;
- Законитост и
- Општествена одговорност.

## АНАЛИЗА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ

При изготвување на Планот, генерално се придржувавме кон насоките од Владата на РСМ за програмските активности согласно Планот за борба против корупција усвоен на Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 март 2021 година. Програмските активности кои треба да бидат опфатени се утврдени во следниве 9 точки:

1. Изготвување на анализа за ризичните области во рамките на работењето на државните органи и детектираните недостатоци во законите;

2. Идентификување на причините, условите и факторите кои овозможуваат корупција;

3. Воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области;

4. Јакнење на капацитетите на институцијата со особен акцент на јакнење на интегритетот на вработените;

5. Навремено постапување во врска со остварување на потребните услуги кон правните и физичките лица;

6. Почитување на законските прописи, Кодексот на етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија како и Кодексот за административни службеници;

7. Зајакнување на довербата на граѓаните кон институциите и мотивирање да пријават корупција;

8. Зајакнување на меѓуинституционалната соработка и соработката во борба против корупција преку Платформата Интероперабилност;

9. Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето на министерства и органите на државната управа.

Овие активности во Планот се прилагодени според потребите на ДИГУ за истите да бидат релевантни согласно надлежностите и делокругот на работењето. Со нивно реализирање ќе се овозможи идентификување на причините, условите и факторите на појава на корупција и ќе се олесни воспоставување на систем на мерки за справување со корупцијата. Главниот товар во борбата против корупцијата во ДИГУ треба да го понесе раководната структура на институцијата. За реализација на овој предизвик потребно е голема посветеност на раководството во промовирањето на висок степен на интегритет и нулта толеранција за корупција. Нормално дека покрај раководната структура, обврска на сите вработени во ДИГУ е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно законите и другите подзаконски акти. Потребно е секој вработен да го почитува Кодексот за административни службеници, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата. Никој не смее да биде исклучок при утврдување на одговорноста за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, ограничува или на кој било начин да го оневозможува процесот на утврдување одговорноста. Репресивниот пристап и јасната порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана, претставуваат висок приоритет на ДИГУ за наредниот период, со цел превенција и спречување на било какво коруптивно однесување на вработените во оваа институција. Во рамки на превенцијата фокусот ќе биде насочен кон елиминирање на слабите точки кои создават можности за извршување на коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработка меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

## Анализа на ризични области за корупција во делокругот на работењето на ДИГУ

Ризичните области за корупцијата во рамките на делокругот на работењето на ДИГУ произлегуваат пред се од специфичностите на надлежностите на Инспекторатот, регулирани со **Законот за градење**(„Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20), **Законот за просторно и урбанистичко планирање**(„Службен весник на Република Македонија“ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18, и 168/18), **Законот за урбанистичко планирање** („Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/20) и **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19“). Со оваа анализа потребно е детално да се идентификуваат категориите на работни места со најголем ризик од корупција. Од тие причини, потребно е раководителите на секоја организациона единица да извршат проценка на ризикот од корупција на секое работно место, поради тоа што некои работни места во одредени сектори на ДИГУ се повеќе подложни на корупција од останатите. Јасно е дека секој аспект од работењето на вработените може да биде подложен на коруптивно однесување, но сепак најризични секториво ДИГУ, можат да се посочат Секторот за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот во чии состав се двете одделенија: Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото и Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизмот.

Ризикот од коруптивно однесување во ДИГУ би можел да се манифестира како:

- постапување или непостапување на инспекторите како и на другите вработени при извршување на службените задачи за што како возврат самите бараат или прифаќаат некаква понудена корист, погодност или интерес за себе или за друг,
- непочитување на стандардните постапки и процедури при работењето,
- злоупотреба на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг,
- злоупотреба на службените возила или картичките за полнење гориво за приватни цели,
- прифаќање на подароци и услуги,
- свесно губење, подметување или прикривање на докази,

- нудење на услуги за кои Инспекторатот нема законски компетенции,
- вработување и унапредување спротивно на закон и/или барање на материјална или нематеријална корист за постапката и
- непочитување на законските одредби и стандардните постапки во процедурата за јавни набавки и др.

## АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА

Во насока на воспоставување на ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат превенција и борба против корупцијата, како главен фокус на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ќе бидат следните активности:

- ***Континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле корупција:***

  - секој раководител на одделение е обврзан да го следи постапувањето на вработените во одделението, особено да внимава дали ги почитуваат законски рокови за преземање на дејствија/активности по конкретните предмети, дали се одолжуваат определени дејствија кои треба да се преземат, кои се причините за таквото однесување, како и да ги има предвид известувањата кои ги доставуваат граѓаните/правните лица по однос на постапувањето на вработените и во случај на констатирање на непочитување/непреземање навремени дејствија да достави известување до раководството во Инспекторатот;
  - врз основа на доставените известувања ќе се анализира состојбата и ќе се идентификуваат категориите на работни места со најголем ризик од корупција и
  - по идентификувањето на истите, ќе се предложат мерки за намалување т.е. отстранувањена различните форми на ризици од корупција.

- ***Јакнење на интегритетот на вработените:***

  - секој вработен е должен во своето работење да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно;
  - едуцирање на вработените во своето работење да препознаат и да се спротивставаат за секоја незаконска, неморална или нечесна ситуација и
  - обучување и мотивирање на вработените да одговорат на предизвиците од оваа област.

- ***Зголемување на ефикасноста на административните процедури:***

- со цел навремено постапување и остварување на правата на граѓаните и потребите на правните лица,задолжително е почитување на процедурите за работа и
- секој вработен е должен да извести доколку оцени во текот на работата дека определена процедура треба да се измени/дополни во насока на подобрување на работата со истата.

– ***Почитување на законските прописи и Кодексот за административни службеници и Етичкиот кодекс за инспекторите:***

- лицето за човечки ресурси задолжително и навремено ги информира вработените за етичките стандарди и правила на однесување според правилата предвидениво Кодексот на административните службеници и Етичкиот кодекс за инспекторите, како и именуваните лица за нивните обврски, одговорности предвидени во прописите кои се однесуваат за етичко извршување на нивните функции.

– ***Континуирано зголемување на јавната свест на граѓаните да пријават корупција:***

- изработување на практични информации и обрасци за граѓаните како да ги остварат своите права и да го пријават секое сомневање за неправилност во постапувањето или однесувањето на конкретен вработен во Инспекторатот, како и сомнение за постоење на измама или корупција и
- зајакнување на довербата на граѓаните кон Инспекторатот.

– ***Континуирано следење на начинот на спроведување на јавните набавки, како и реализирањето на договорите за јавни набавки:***

- почитување на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите, а според правилата предвидени во Кодексот за јавни набавки;
- надзор и контрола над примената и почитувањето на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализацијата на договорите и
- едуцирање на вклучените вработените во постапките за јавните набавки да ги почитуваат основните начела, како што се: начелото на слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

– ***Јакнење на позицијата на лицето кое известува за неправилности и***

***сомнежи за измами и корупција во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и лицето за прием на пријави од укажувачи:***

- едуцирање и усовршување на лицето кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција во Инспекторатот и лицето за прием на пријави од укажувачи и
- создавање услови за извршување на нивните обврски според прописите за јавна внатрешна финансиска контрола и прописите за укажувачи.

– ***Континуирано информирање на граѓаните за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам:***

- демонстрирање на отчетноста и овозможување транспарентност за работата на Инспекторатот преку објавување на веб страницата на сите неопходни информации, како што е Законот за инспекциски надзор , подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон, месечни планови, шест месечни извештаи и годишни планови за работата на Инспекторатот, Правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во Инспекторатот, органограм, информации за спроведување на обуки, практични информации и обрасци за граѓаните за остварување на права согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, соопштенија за јавноста.

## ПРИЧИНИ, УСЛОВИ И ФАКТОРИ КОИ ЈА ОВОЗМОЖУВААТ КОРУПЦИЈАТА

Причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата може да бидат од разна природа. Под фактор на ризик од корупција, се подразбира се што може да овозможи појава на корупција, односно се што може да поттикне вршење и толелирање на корупција. Најчестата поделба на фактори на ризик на корупција ги опфаќа следниве 4 групи:

- Надворешни фактори;
- Внатрешни фактори;
- Човечки фактори;
- Факторите поврзани со оперативниот процес.

Надворешните или поинаку кажано и системски фактори се манифестираат како: политичка волја и политичко влијание како детерминантна за многу процеси во општеството, отсуство или нејасна, неконзистентна и нецелосна правна рамка за борба против корупцијата и судирот на интереси, недоволно прецизно дефинирани улоги и односи помеѓу водечките јавни институции во борбата против корупцијата и судирот на интереси, отсуство или нејасна и нецелосна регулатива во дадена област/сектор или пак, мноштво на закони во определена област/сектор кои се неконзистентни, често менување на законската регулатива, нејасен мандат на институциите кои имаат улога во креирањето и имплементирањето на политиките во дадена област/сектор (преклопување на надлежности или празнини, односно недефинирана надлежност), некоординираност на институциите во извршување на јавните функции, неефикасен надзор врз работата на јавните институции, неефикасно спроведување на законите, бавност/неефикасност и неефективност на судските постапки, непостоечки или некомпетентни институции за надзор и/или супервизија, нетранспарентни процеси на планирањето и трошењето на јавните финансии, ниска свест за методите и начините за борба против корупцијата во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор, недоволна вклученост на граѓаните/граѓанскиот сектор во процесите на креирање и имплементација на законската регулатива и политиките во дадена област, непостоење/непримена на етички кодекси и развиена култура на неказнивост/ слаба казнивост за корупциско однесување кај јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Внатрешниот односно институционалниот или организацискиот фактор се манифестира преку: несоодветни или непостоечки политики, процедури и системи за определена област или неприменување на постојните политики, процедури и системи, неспроведување на надлежностите на институциите (нефункционирање на институциите) кои имаат клучна улога во дадена област, недоволно развиени внатрешни процедури за оптимализација на процесот на работа во јавните институции во дадена област, недоволно човечки ресурси (по број) за извршување на надлежностите во институциите важни за идентификување и соодветно адресирање на корустивното однесување во дадена област, несоодветни човечки ресурси или отсуство на компетенции за вршење на функциите на јавните институции, како и за идентификување и соодветно адресирање на коруптивното однесување во дадена област, несоодветно управување со институциите важни за определена област, кое не е засновано на валоризирање на компетенции, стручност, ефективност и ефикасност при вршење на задачите, пракса на целосна неказнивост или индицентна казнивост за лошо завршена или незавршена работа, непостоење или непримена на механизми за проценка на ризиците од коруптивно

однесување во институциите, непостоење или непримена на стандарди за работа и етички кодекси по сектори или институции, несоодветни услови за работа на клучните институции во определена област (просторни, матријални, финансиски, кадровски ограничувања).

Човечки фактори од ризикот од корупција или поинаку кажано и индивидуални фактори се манифестираат пред се како недостаток на интегритет, потоа недостаток на знаење (некомпетентност), недостаток на практични вештини (искуство), притисоци на работа, подложност на политичко/партиско влијание, несоодветен надзор врз работата на конкретно лице/работна задача, несоодветно однесување со клиентите, практикување на судир на интереси, чувство на незадоволство или перцепција на нефер пракса на работа, недоволна мотивираност од работата, социјален статус, култура на однесување и практикување на одговорноста.

Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес во дадена област/сектор се манифестираат како: висока автономија или дискрециони права за одлучување во дадена област, недоволно прецизно законско дефинирање на работен процес во дадена област кое дава простор за поттикнување на корупција, нетранспарентно или неевидентирано (во писмена форма) одлучување, непостоење на соодветен систем за управување со документација, непримена на законските процедури при оперативниот процес во дадена област, недостаток на хоризонтални и вертикални контроли при извршување на работата во дадена област, непостоење или непримена на мапа на процедури во институциите и нејасно определување на одговорноста кај вршителите на задачите што се дел на работниот процес.

Пример за надворешните/системските фактори на ризик од корупција во работењето на ДИГУ е моменталната поставеност на законската регулатива, имено и Законот за инспекциски надзор и Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање,Законот за урбанистичко планирање и Законот за инспекциски надзор оставаат можност за одолговлекување на инспекциските постапки со што како последица истите иницираат можност за коруптивно однесување. Имено, во двата наведени закони дадена е можност да се изрече како инспекциска мерка решение за опомена и решение за наредба, без при тоа да се цени тежината на утврдената неправилност и сторениот прекршок, што исто така создава можност за коруптивно однесување. Друг пример имаме исто така во Законот за инспекциски надзор, каде во - глава XII. Посебни дејствија во инспекциската постапка - со членовите 86, 87, 88, 89 и 90, е регулирана постапката со која инспекторот при инспекцискиот надзор може да земе примерок со цел да се

утврди дали производите во производството или во продажбата одговараат на пропишаниот состав, односно квалитет. Во член 32 од Законот за инспекциски надзор предвидено е секоја инспекциска служба да изврши проценка на ризик - процес на анализа, управување и известување за ризикот од неусогласеноста на работењето на субјектот на надзор, со прописите од соодветната област, но изборот на правниот субјект кој произведува, врши увоз или промет на производи и примерокот кој се зема за анализа, го врши инспекторот. Тоа остава можност за субјективен пристап во постапката за мострирање и можност за коруптивно однесување на инспекторот.

Ризикот од корупција готово никогаш не е производ на само еден фактор, туку е резултат на меѓусебно дејство од повеќе фактори. Во Државниот инспекторат за градежништво и урбанзам во делот на инспекцискиот надзор, ризикот од корупција би можел да се манифестира пред се поради недостаток на интегритет кај инспекторите, потоа изложеност на политички влијаниа, изложеност на притисоци од влијателни структури (директор или другите претставници од извршната власт), непочитување на законските начела и норми од Етичкиот кодекс на однесување, нелегална дојава за инспекциските надзор до субјектите кај кои истиот треба да биде извршен, фингирано распоредување на предметите за постапување и/или прикривање и непоставување по дојави и претставки, намерно неутврдување на реалната фактичката состојба, прикривање на презентираните факти и докази при надзорот, намерно одолговлекување на инспекциските постапки, намерно надонесување на инспекциска мерка, злоупотреба на начелото на законитост, а се со цел остварување на личен интерес или стекнување на противправно имотна корист.

Во делот на јавните набавки фактори на ризик е непочитување на внатрешни процедури за спроведување на јавни набавки, правната рамка која може да дава можност за корупција заради недоречености, дискреционо право за одлучување, (постапка со преговарање без објавување оглас), недостаток на интегритет кај лицата кои се вклучени во вршење на процесот на јавни набавки, недоволна обученост или непознавање на законските процедури при спроведување на постапката за јавни набавки, слабо применлив, односно готово непостоечки механизми за надзор на целиот процес, воспоставување на деловни односи со правен субјект што е основан од член на семејството или пак во истото одговорно лице е член на семејството и пракса на неказнивост или слаба казнивост на коруптивното однесување кај јавните набавки.

Во делот на постапките за вработување и унапредување како фактор за ризик се недоследното почитување на утврдените законски норми,

невоспоставување на јасен и транспарентен систем за унапредување по заслуги, изложеност на притисоци од влијателни структури (директорот или другите преставници од извршната власт) врз членовите на комисијата за вработување во фазата на Интервјуто (каде може да се фаворизира и да му се даде предност на кандидат со помалку постигнати бодови во претходните фази), недостатокот на интегритет кај лицата кои се вклучени во комисијата за вработување, предвидување на работното место во Систематизацијата според образованието на лицето кое „треба" да се вработи и др.

Правилното идентификување и расчленувањето и анализата на сите поединечни причини, услови и фактори кои ја овозможуваат корупцијата, претставуваат солиден основ за успешноста сите понатамошни фази во борбата против корупција.

## АЛАТКИ И КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ДЕТЕКТИРАНИТЕ ОБЛАСТИ

За да се воспостават алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области во ДИГУ, прво треба да се изготват стратешки документи од типот на План за интегритет на институцијата, Проценка на ризик од институционална корупција, Регистар на ризици, Управување со ризици и сл.

За изготвување на меродавна и функционална Проценка на ризик потребна е соодветна методологија која по својата форма (а делумно и содржина) би била унифицирана за сите институции, толку колку што тоа е реално возможно. Истото важи и за сите други горенаведени документи, кои досега не се изготвувале ниту во ДИГУ, ниту во најголемиот број на институциите во државата. Малкумина се тие во органите на државната управа кои во моментов поседуваат доволно знаења и вештини за да можат на адекватен начин да ги изготват овие документи. Од тие причини потребна е сериозна заложба на Владата на Република Северна Македонија за организирање на наменски обуки и за донесување на законска регулатива кои во континуитет би го поддржале изготвувањето на овие документи на годишно ниво.

Проценката на ризикот од корупција ќе овозможи воспоставување на систем за превенција на корупција базиран на докази и ќе овозможи со ефикасно користење на расположивите ресурси да се постигне остварување на резултати во борбата против корупција. Во ДИГУ потребно е да се воспостави систем за

проценка на ризик и управување со ризик и да се обезбеди негова успешна имплементација.

## ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДИГУ

На самиот почеток на Планот, дефинирани се поимите Интегритет и Корупција. Според дадената дефеницијa може да се заклучи дека овие поими се со спротивставено значење еден на друг и следствено на тоа со јакнење на интегритетот заслабува корупцијата, а од друга страна пак со јакнење на корупцијата се врши интегритетот.

Со цел спречување на корупција и одржување и развивање на довербата на институцијата во јавноста, ДИГУ во континуитет ќе развива политика на јакнење на интегритетот. Интегритетот во работењето на ДИГУ претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности. Истиот, може да биде личен интегритет и институционален интегритет. Интегритетот на вработените во ДИГУ, пред се на инспекторите, наложува нивното работење да биде со јасно дефинирани етички вредности како што се непристрасност, еднаквост, праведност, чесност и почитување на човековите права (начелото на законитост, начело на јавен интерес, начело на еднаквост, непристрасност, објективност, начело на одговорност, начело на материјална вистина, начело на сослушување на субјектите на инспекциски надзор, начело на самостојност, начело на пропорционалност, начело на превенција). ДИГУ, како институција треба да го промовира и личниот интегритет и институционалниот интегритет. Вработените со интегритет, а особено инспекторите со интегритет, треба да претставуваат пример за своите колеги и треба да бидат потстрек во борбата против корупцијата. Оттука вработените во ДИГУ, потребно е своето однесување да го усогласат со етичките вредности кои се утврдени во Етичкиот кодекс на административите службеници. Еден административен службеник со интегритет потребно е да поседува знаења ивештини, етички капацитет, решителност и професионалност преку почитување на законските норми, воспоставените правила и процедури. Ваквиот начин на постапување ќе биде во полза на јавниот интрес и ќе придонесе за зголемување на довербата на јавноста. Личниот интегритет на вработените во ДИГУ, пред се на инспекторите го одразува интегритетот на ДИГУ. Оттука од голема важност е интегритетот на раководниот кадар кој преку воспоставување на високи професионални вредности ќе овозможи доследно почитување на правилата и прописите при постапување на инспекторите. Неопходно е во периодот кој претстои да се работи на јакнење на интегритетот на вработените на сите нивоа преку обуки од областа на интегритет во нивното работење.

Способноста и стручноста на вработените во ДИГУ го одредува капацитетот на ДИГУ за справување со корупцијата со посебен акцент на елиминирање на причините што ја генерираат нејзината појава. Вработените во ДИГУ потребно е да ги исполнуваат високите барања поврзани со образованието, квалификациите, угледот, личните и професионалните компетенции. Од овие причини и понатаму ќе се продолжи со континуирана и специјализирана обука на вработените во ДИГУ за работните места на кои се распоредени, со цел успешно извршување на работните задачи во насока на обезбедување зголемена ефикасност во работењето. Обуките ќе се споредуваат континуирано за сите вработени во ДИГУ, односно професионалното и стручно усовршување на вработените ќе биде постојана активност, со цел специјализирање на областа за борба против корупција, како и зајакнување на интегритетот на вработените. Сите вработени се должни стручно да се оспособуваат за работата што ја извршуваат на своето работно место, за стекнување на вештини и знаења низ организирани програми. Усовршувањето на вработените преку континуирана обука е постојана активност. При изготвување на Годишните програми за обука на вработените во ДИГУ, во иднина би требало да се посвети поголемо внимание во годишните програми да се планираат соодветни обуки од областа на антикорупција со посебен акцент на Секторот за инспекциски надзор од обаста на градежништвото и урбанизмот во чии состав се двете одделенија Одделение за инспекциски надзор од областа на градежништвото и  Одделение за инспекциски надзор од областа на урбанизмот како сектор со одделнија кои се најподложни на корупција и коруптивно однесување. На овој начин ќе се овозможи стекнување на знаења и способност за препознавање на злоупотребите и ќе обезбедат соодветни техники за отпорност кон корупција. Во реализирање на овие активности значајна е улогата на раководителите кои преку личен пример ќе наметнат вредности кои ќе влијаат на намалување на корупцијата.

## НАВРЕМЕНО ПОСТАПУВАЊЕ

Што се однесува до навременото посапување во врска со остварувањето на потебните услуги кон правните ифизичките лица во делокругот на работењето на ДИГУ тоа би можело да се однесува на инспекцискиот надзор.

Инспекцискиот надзор се спроведува во согласност со месечниот план за работа на секој инспектор во ДИГУ или по писмена наредба на директорот, како и налог издаден од Испекцискиот совет. Инспекторите имаат обврска да ги почитуваат законските рокови за подготвување на записници и донесување на

испекциски акти кои произлегуваат од инспекцискиот надзор. Почитувањето на овие законски рокови е составен дел од кртериумите за успешност на инспекторите и точката 3 во Образецот за оценување. Според тоа што беше приложено од испекторите кога го пополнува делот од Образецот кој тие го пополнуваат и според прикажаното во Регистарот на извршени инспекциски надзори (РЕГ-6-РИИ), произлегува дека законските рокови во ДИГУ апсолутно се почитуваат во сите инспекциски надзори кои беа спроведени во 2022 година.

## ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ

При извршувањето на работните задачи вработените во ДИГУ потребно е да одржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот инерес и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди. Потребно е да се обезбеди непристрасна и објективна примена на законите и друите прописи, при што на граѓаните и на правните лица ќе им овозможат заштита и остварување на правата а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица, ниту во спротивност со јавниот интерес. Работнте задачи потребно е да се вршат политики непристрасно, без влијание на личните политички уверувања, финансиски интереси, со доследно почитување на целите, угледот и интегритетот на ДИГУ.

Кодексот за административни слжбеници предвидува обврски за административните службеници, при вработувањето, да потпишат изјава за прифаќање на Декларацијата за заедничка мисија на вработение во јавниот сектор. Секој инспектор и административен службеник потребно е да имаат висок степенна познавање на Кодексот за административни службеници, каде е утврдено дека административните службеници (што значи и инспектори) не смеат да се поставаат во материјлна или друга зависност од други лица или органи, административнте служеници не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корис, а имаат обврса да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на ДИГУ. Со овој Кодекс се пропишуваат етичките стандарди и правилата на однесување на административните слжбеници, кои ги применуваат во однос со колегите, со претпоставените и со странките, на неговото работно место но и во приватниот живот и јавноста. Целта на овој Кодекс е поттикнување на доброто постапување и однесување на административните службеници (и инспектори) со што ќе се зајакне довербата на граѓаните во работата на ДИГУ и воопшто на инстуциите од јавниот сектор. Административните

службеници своите работни задачи да ги извршуваат посветено и професионално врз основа на компетенции, правила и процедури од службата при тоа работејќи непристрасно, обезбедувајќи еднакви стандарди при испорачување на услугите. Административните службеници, при вршење на своите приватни работи да не го користи статусот на службеник заради остварување на лична корист и злоупотреба на службена должност. Со цел подигнување на довербата на граѓаните како и транспарентност и отчетност на ДИГУ секој вработен е должен да обезбеди соодветни навремени и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци. Службениците во јавните настапи во кои ја претсавуваат институцијата изнесуваат исклучиво официјални ставови во согласност со прописите и законите, дека во јавни настап во кои не ја претставуваат институцијата не смеат да изнесуваат податоци од делкругот на својата работа и работно место, со што би се нарушил угледот, довербата и политичката непристрасност кон граѓаните. За таа цел потребен е системски пристап кој ќе овозможи Кодексот за администратвни службеници да биде разбран, прифатен и целосно имплементиран од сите вработени во ДИГУ.

Дирекорот на ДИГУ, како носител на јавна функција потпишува изјава со која потврдува деке ќе се придржува кон Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата. Со овој Кодекс пак се уредува начинот на однесуање и работење на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министрите, замениците на министрите и други носители на извршни функции именувани од Владата на Република Северна Македонија, заради обезбедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот итегритет, ефикасноста, лојалноста, одговорноста транспарентноста и заштитата на човековите права и слободи, при вршење на нивните функции, односно должности во рамките на Уставот, законите и меѓународните договори, ратификувани соглсно Уставот на Република Северна Македонија. Цел на секој Кодекс е обезбедување на јакнење на интегритетот на Владата на Република Северна Македонија министерствата и другите органи на државна управа, како и правните лица основани од Владата и јакнење на довербата на граѓаните во нивната работа. Според Кодексот за етика на Владата, директорот на ДИГУ како јавен службеник назначен од Владата е должен:

- да потпише изјава со која ќе потврди дека ќе се придржува кон Владиниот законик додека ги извшува своите должности;
- да избегнува каков било судир на интереси;

- да обезбедат механизми за усогласеност на сите вработени, со законските прописи во инситуцијата со која раководи;
- при учество во партиски активности, таа не треба да ја загрозува професоналоста и достапноста на јавната функција и
- да ја почитува прфесионалноста и непристрасноста на вработените во ДИГУ и воопшто во јавниот сектор и во никој случај да не ги упатува да постапуваат спротвно на законот итн.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ДОВЕРБАТА И МОТИВИРАЊЕ ДА ПРИЈАВАТА КОРУПЦИЈА

Сузбивањето на корупцијата е долготраен процес кој бара упорност, професионален однос и меѓусебна соработка на ДИГУ со граѓаните. Нивото на поддршка која инспекторите ќе ја добија од граѓаните зависи од степенот на нивната меѓусебна доверба, која пак ќе звиски од ефикасноста на спрведување и извршување на своите должности, професионално правично и чесно. Граѓание од инспекцијата која има обврска да го спроведува законот очекуваат да биде прва во почитување на истиот. Ваквиот меѓусебен однос ќе доведе до зголемување на довербата помеѓу граѓаните и инспекторите што сам по себе ќе резултира со зголемена ефиксност во поставувањето на инспекторите. Корупцијата негативно влијае на довербата на јавноста во инспекциските служби. Оттука е неопходна зголемена транспарентност на ДИГУ во однос на преземените мерки за откривање и санкционирање на сите сфери на корупција и јасно декларирани пораки дека инспекторите имаат сериозен и сеопфатен пристап во борба со корупцијата. ДИГУ ќе работи на унапредување на соработката со невладиниот сектор и здруженијата на граѓаните во насока на подигнување на свеста кај граѓаните дека корупцијата во инспекциските служби е неприфатлива и најефективен начин за нејзино сузбивање е пријавување на сториелите.

Од големо значење е да им се стави до знаење на сите можни укажувачи дека процесот на заштитено откривање на информации, правата на укажувачите и должностите на надлежните институции е уреден со Законот за заштита на укажувачите. Укажувачите се законски заштитени од одмазда и укажуваат анонимност, како и доверливо ракување со доставените информации. Идентитетот на укажувачите не може да се открива без нивна согласност и на укажувачите им

се гарантира заштита од кривично гонење или каква било друга одговорност за откивање на информации кои што посочуваат на коруптивни дејства.

Заштитеното пријавување може да се изврши како:

- Заштитено внатрешно пријавување (директно пријавување во ДИГУ)
- Зашитено надворешно пријавување (пријавување во Минстерството за внатрешни работи, ДКСК, Народен правобранител итн).
- Заштитено јавно пријавување (објавување на информациите во јавноста).

Во ДИГУ согласно законските прописи има назначено овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитео внатрешно пријавување и во секој случај да прими пријава треба понатаму да ја проследи и да ги преземе сите активности опишани во Законот за заштита на укажувачите.

ДИГУ ја препознава важноста и улогата на Законот за заштита на укажувачите, показател за тоа е секако и назначеното лице за внатрешно пријавуување, но сепак во иднина, за негово целосно и доследно имплементирање, потребни се одржување на обуки за вработените во ДИГУ во соработка со Инспекцискиот совет и ДКСК.

## КОНТРОЛА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Со цел да се обезбеди транспарентност и интегритет во процесот на јавните набавки, потребно е доследна почитување на Законот за јавни набавки, кој ја дефинира правната рамка за постапките кон кои треба да се придржуваат лицата кои се вклучени во јавните набавки. Оваа павна рамка ги утврдува должностие на директорот како одговорно лице и вработените во ДИГУ, кои се членови на комисјата за јавни набавки.

Главни должности се:

- сите упатства во врска со постапката треа да бидат доставени до вработените во писмена или во електронска форма;
- секое лице ангажирано во јавниот орган, кое има информации за предмет поврзан со корупцијата е должно да го извести ДКСК или Јавното обвинителство;
- членовие на Комисијата за јавни набавки, како и одговорното лице на јавниот орган потпишуваат изјава за непостоење на судир на интереси или во слчај на постоење, ќе се повлечат од работата на Комисијата;

ДИГУ како буџетски корисник ќе работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста во менаџирањето со финанскиските ресурси. Посебно внимание ќе посвети на анализата на недореченостите и пропустите во процесот на јавните набавки. Сузбивањето и спречувањето на корупцијата во јавните набавки подразбира ефикасност во упраавувањето со финансиските ресурси на ДИГУ. Јавните набавки се една од клучните области кои во континуитет се предмет на критика и претставуваат една од најкритичните економски активности во однос на ризиците од корупција. Затоа, во областа на јавните набавки неопходно е посојано да се работи на воведување, примена и подигнување на превентивни политики, процедури и стандарди во борба против корупцијата. Од особено значење е да се почитуваат основните принципи на јавните набвки како што се принципот на:

- еднаков третман и недискриминација што значи забраа за фаворизирање на одредени субјекти;
- транспарентност која обезбедува конкуренција и интегритет во јавните набавки;
- рационално и ефикасно искористување на средства кое подразбира да се добие најдобра вредост за потрошените пари.

Оттука неопходно е доследно почитување на законската рамка за јавни набавки и усогласување на законските и подзаконските акти кои ја реулираат оваа пробематика.

За спроведување на контрола и надзор над реализирањето на договорите за јавни набавки во ДИГУ е надлежно Одделението за нормативно правни општи и административни работи и Одделението за јавни набавки, информатичка и комуникациска технологија.

Исто така,неопходно е следење на спроведувањето на правилата за транспарентност, правото на пристап до информации и спречување на судир на интереси, како и систематска проценка на ризикот и поставување приоритети во контролата на јавни набавки. Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени треба доследно да се почитува интерната Процедура за начинот и постапката на планирање, спроедување и реализаија на јавните наавки во ДИГУ, која ја донесува директорот на ДИГУ. Со почитување на Процедурата и покажување а висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво коруптивно однесување. Следствено на тоа за непочитувањето на Процедурата ќе сноси одговорност секој вработен во ДИГУ и/или одговорното лице во ДИГУ.

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Корупцијата како константна закана за стабилноста на државата потребно е во континуитет да се пресретнува и совладува со сите законски и институционални алатки како на превентивен така и на репресивен план. Во таа насока е зајакнувањето на меѓуинституционалната соработка и воспоставување на непосреден конакт помеѓу ДИГУ и клучните чинители задолжени за справување со корупцијата, со што ќе се овозможи навремена и квалитетна размена на информации и сознанија за корупција кои ќе резултираат со ефикасно санкционирање на извршителите. Потребно е јакнење на каацитетите на ДИГУ за борба против корупцијата и развивање на соработката пред се со седумте институции кои се надлежни за борба против корупцијат, а тоа се:

- Министерството за внатрешни работи;
- Управа за јавни приходи;
- Царинската управа;
- Управата за финансиското разузнавање;
- Управата за финансискаа полиција;
- Инспекцискиот совет и
- Министерството за правда.

Сигурно дека од големо значење ќе биде и соработката со Државната комисија за спечување на корупцијата, потоа Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Агенцијата за заштита напрвото на слободен пристап до информации од јавен карактер, останатите инспекторатите и други иституции, затоа што борбата против корупцијата бара постојан ангажман на сите релевантни тела во земјата кои постапуваат согласно нивните законски утрдени надлежности. Оттука, меѓуинституционалната соработка на ДИГУ ќе биде водечка сила во борбата против корупцијата.

Во овој правец е и поврзувањето со Платформата на инероперабилност, која овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите на стандрдизиран, безбеден и унифициран начин. Со непрекениот проток на информации преку Платформата на инероперабилност, се намалува времето потребно за пренос на инфорации помеѓу институциите, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и гозголемува задоволството од услугите кои се нудат и секако не остава простор за понатамошни манипулации.

При спроведување на барањата за интегритет, ДИГУ во иднина би можела да побара помош од ДКСК и од други специјализирани државни иституции или граѓански организации, за пддршка при подготвување на упатства, методологии,

софтверски решенија и други средства, кои ќе помогнат во прменаа на алаткит за интегритет и антикорупција.

На пример:

- Упатства за управување со судир на интереси, упатства за попонување на изјавата за имотна состојба и интереси,обебедување на бесплатен прстап до информации или за постапување при заштитено пријаввање;
- Методологии за проценка на институционалниот интегритет на ДИГУ за одржување на курсеви и обуки за инегритет и антикорупција и
- Софтверски решенија за анкети против корупција, за е-учење на теми поврзани со интегритетот за следење на спроведување на одреден Акциски план од страна на вработените и др.

## ЈАКНЕЊЕ НА АЛАТКИТЕ ЗА ОТЧЕТНОСТ

Преку јакнењето на алатките за отчетност и транспарентност во ДИГУ, се цели кон спречување на злоупотреба на службените овластувања, спречување на политичкиот авторитет да ја злоупотреби и наметне својата контрола врз инспекторите, се цели кон унапредување на интегритетот на инспекторите и зголемување на довербата на граѓаните во професионалноста и ефикасноста во работењето на инспекторите. Под транспарентност и отчетност при работата, се мисли на сите прашања од делокругот на надлежностите на ДИГУ, односно на јавноста треба да и бидат лесно достапни политиките, законите, буџетите и информациите за донесените одлуки и активности на Инспекторатот. Од овие причини јасна е заложбата на ДИГУ преку зајакнување на овие алатки да се позиционира како транспарентна инситуција и да биде пред се јавен сервис и услуга отворена и достапна за граѓаните, секогаш подготено да одговори на сите прашања и да се справи со сите посочени критики на јавноста.

Во овој поглед ДИГУ ќе продолжи навремено и континуирано да ги објавува на својата веб страна сите документи за кои е задолжена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на веб страната, помеѓу останатото, веднаш по откривањето на небезбедните играчи и во иднина ќе се продолжи со ориенување на практиката на објавување на нивна фотогрфија заедно со сите дополнителни иформации кои би биле од полза. Ќе се продолжи со објавување на сите информации поврзани со јавните набавки, почнувајќи од Годишните планови за јавни набавки на ДИГУ, објавување на огласите, склучените договори, па се до реализираните договори. На веб страната исто така се достапни и секогаш кога за тоа има потреба ажурирни стратешки документи поврзани со работењето на инспекторатот,како што се страешките планови, годишните (програми) планови за

работа, Буџетот на инспекторатот, извештаи за работењето на инспекторатот од разни области, Кодексот за административни службеници, организациската структура на инспекторатот и други информации од јавен интерес.

Граѓанските организации мора да учесвуваат во борба против корупцијата, со тоа што ќе бараат отчетност, транспарентност но и нивно вклучување во донесувањето на одлуките, како и со искористувањето на непосредната врска која тие ја имаат со граѓаните при адресирање на проблемите од областа на корупцијата. Имено, фондацијата за интернет и општество Метаморфозис, во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско учество, во изминатиот период преку прашалници доставени до институцијата, како и преку онлајн мониторинг на веб-страниците на инситуциите, го следеше спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, кој беше изготвен согласно Стратегијата за транспаентност на Владата на Република Северна Македонија. Секако дека овие проекти се добредојдени и во иднина, затоа што преку евалуацијата која ќе ја спроведуваат, може да се согледа каква е состојбата со транспарентност во државните институции, но и воопшто ставот и односот на самото општество во целост во поглед на транспарентноста и барањето на отчетност од одговоните институции.

И на крајот, поаѓајќи од обврската јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен инерес, ДИГУ преку разни форми на комуникација ќе продолжи да им овозможува пристап до информации на претставниците од сите медиуми и на сите други заинтересирани страни, водејќи се од начелото на непристрасност, транспареност, отчетност и недискриминација по било кој основ.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ

Годишниот план за спречување на корупцијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2023 година се објавува на веб страната на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Носители на активностите прдвидени во Планот се: директорот на ДИГУ, раководителите на одделенијата, какои сите вработени во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Надлежен да ја следи реализцијата на Годишниот план и активностите утврдни во истиот е директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Годишниот план за спречување на корупцијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2023 година влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Изработил:**
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОАР